Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

К-2-2022

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ

## - втор квартал 2022 година -


## Резиме

- Во К-2-2022 е забележан **раст на економската активност** од 2,8% на годишна основа, со што растот продолжува петти квартал по ред;
- **Бројот на вработени** во К-2-2022 е понизок за 12,7% во однос на истиот квартал од 2021 година. **Бројот на невработени** во К-2-2022 се намали за 21,6%, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** на 14,5%;
- Просечната **нето-плата** во К-2-2022 изнесува 31.600 денари и бележи раст од 10,4% на номинална основа, односно се намали за 1,7% на реална основа, споредено со нето-платата во К-2-2021;
- Вкупните **буџетски приходи** во К-2-2022 се повисоки за 13,1%, а вкупните буџетски расходи за 2,8% споредено со истиот квартал од 2021 година;
- **Стапката на инфлација** во К-2-2022 изнесува 12,3% на годишна основа;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-2-2022 забележа раст од 2,7% на квартална основа;
- Во К-2-2022 е забележан раст на **извозот на стоки** од 23,5% и на **увозот на стоки** од 27,9% на годишна основа, со што вкупната **надворешнотрговска размена** изразена во евра забележа раст од 26,1%.

# Содржина:

1. Економска активност ........................................ 3
2. Пазар на работна сила ........................................ 4
3. Јавни финансии ........................................ 5
3.1. Буџетски приходи според економската класификација ........................................ 5
3.2. Буџетски расходи според економската класификација ........................................ 6
3.3. Расходи по буџетски корисници ........................................ 7
3.4. Буџетски дефицит и државен долг ........................................ 9
4. Инфлација и монетарни движења ........................................ 10
5. Надворешен сектор ........................................ 13
5.1. Надворешнотрговска размена ........................................ 13
5.2. Платен биланс ........................................ 16

## 1. Економска активност

Во К-2-2022 е забележан **раст на економската активност** од 2,8% на годишна основа, со што растот продолжува петти квартал по ред.

Графикон 1.1. Инвестиции и градежна активност
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Анализирано според производната страна на БДП, активноста во **услужниот сектор** се зголеми за 5,1%. Од услужните дејности, раст е забележан кај Трговија, транспорт и угостителство од 8,1%; Информации и комуникации од 8,1%, Уметност, забава и рекреација од 7,9%, Стручни, научни и технички дејности од 6,3% и Дејности во врска со недвижен имот од 5,5%. Пад е забележан кај Јавна управа, одбрана, образование и здравство од 0,6% и Финансиски и дејности на осигурување од 0,4%.

**Индустрискиот сектор** забележа раст од 2,4%, во чии рамки преработувачката индустрија забележа раст од 1,5%.

**Земјоделството и градежната активност** забележаа минимален раст од 0,1% и 0,2%, соодветно.

Графикон 1.2. Индустриски сектор
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Анализирано според расходната страна на БДП, растот на економската активност е резултат на зголемената домашна побарувачка, во услови на зголемена потрошувачка и зголемени бруто-инвестиции, додека придонесот на нето-извозот е негативен.

Графикон 1.3. Придонес во економскиот раст по компоненти
*(процентни поени)*




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на МФ

Потрошувачката забележа раст на реална основа од 1,8%, во чии рамки **приватната потрошувачка** порасна за 4,0%, додека **јавната потрошувачка** се намали за 7,2% на реална основа.


MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

**Бруто-инвестициите** забележаа висок раст од 46,5%, по растот од 38,6% во К1 2022 година, со што растот продолжува петти квартал по ред.

**Извозот на стоки и услуги** забележа раст од 14,7% на реална основа, додека **увозот на стоки и услуги** порасна за 25,2%. Оттука, нето-извозот има негативен придонес врз економскиот раст.

## 2. Пазар на работна сила

Во К-2-2022, според Анкетата на работна сила, **бројот на вработени лица**[1] е намален за 12,7%, односно за 100,9 илјади лица во однос на истиот квартал од 2021 година. Најголем пад на вработеноста се забележува во услужниот сектор (42,8 илјади или 9,4%), потоа следи индустријата со годишно намалување на бројот на вработени од 25,6 илјади, или 13,7%, земјоделскиот сектор (24,8 илјади или 26,7%) и градежништвото со пад од 7,9 илјади, односно 14,1%.

Во рамки на услужната дејност, раст на вработеноста се јавува единствено кај образование (572 лица или 1,1%), додека позабележително намалување на вработеноста има кај трговија на големо и трговија на мало (14,6 илјади или 12,1%), дејности на здравствена и социјална заштита (5,6 илјади или 10,5%), јавна управа и одбрана (5,3 илјади или 9,2%), и транспорт и складирање (5,1 илјада или 13,5%).

Анализирано според економскиот статус, намалување на вработеноста во однос на К2 2021 година се забележува кај вработените (72,2 илјади или 11,1%), самовработените (12,5 илјади или 17,1%), неплатените семејни работници (10,6 илјади или 30,2%) и работодавците (5,6 илјади или 15,9%).

**Стапката на вработеност** во К-2-2022 изнесува 47,3% и во однос на истиот квартал од 2021 година е непроменета.

**Бројот на невработени** е намален за 32,5 илјада лица, односно за 21,6% во однос на истиот квартал од 2021 година. **Стапката на невработеност** во К-2-2022 се намали на 14,5%, односно за 1,4 п.п. во споредба со истиот квартал од 2021 година, а во однос на претходниот квартал таа е пониска за 0,3 п.п. (Графикон 2.1).

Графикон 2.1. Пазар на труд




Извор: Државен завод за статистика

[1] При обработката на податоците за вториот квартал од 2022 година, од страна на Државниот завод за статистика се користени регионални демографски дистрибуции по пол и по петгодишни старосни групи за калибрирање на населението согласно со податоците од Пописот 2021.

Гледано по возрасни групи, невработеноста во однос на К-2-2021 е намалена во сите групи, и тоа: кај лицата на возраст од 15 до 24 години за 26,5%, кај лицата од 25 до 49 години за 22,6% и кај лицата од 50 до 64 години за 15,3%. Според половата структура, стапката на невработеност е намалена за 1,6 п.п. кај женското население и изнесува 12,7%, што е за 3,0 п.п. помалку од невработеноста кај мажите којашто е намалена за 1,3 п.п. и изнесува 15,7%.

**Бројот на активно население** е намален за 133,4 илјади лица, односно за 14,1% на годишна основа. Активното население во К-2-2022 сочинува 55,3% од вкупното работоспособно население и е намалено за 0,9 п.п. во споредба со истиот квартал од 2021 година.

Просечната месечна **нето-плата** во К-2-2022 изнесува 31.600 денари и истата е повисока за 10,4% на номинална основа споредено со истиот квартал од 2021 година, додека на реална основа нето-платата е пониска за 1,7%. (Графикон 2.2).

Графикон 2.2. Просечна нето-плата
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Просечната месечна **бруто-плата** во К-2-2022 изнесува 47.233 денари и бележи раст од 10,4% на номинална основа, а на реална основа истата е пониска за 1,6%.

**Продуктивноста на трудот** во К-2-2022 е зголемена за 17,8%, што е последица на растот на производството и на позначителниот пад на стапката на вработеност.

# 3. Јавни финансии

## 3.1. Буџетски приходи според економската класификација

**Вкупните буџетски приходи** во К-2-2022 учествуваат со 29,2% во кварталниот БДП и истите се повисоки за 13,1% споредено со вториот квартал од 2021 година, а притоа раст бележат даноците од 17,1%, придонесите од 9,5% и неданочните приходи од 28,8%. Кај даночните приходи забележана е повисока наплата на сите видови даноци.

Наплатата на индиректните даноци во К-2-2022 е зголемена за 8,9%, а кај директните даноци е забележано зголемување од 39,9% во однос на К-2-2021. Гледано од аспект на структурното учество во БДП, учеството на приходите од директни даноци е зголемено за 0,9 п.п. на годишно ниво, односно од 4,5% во вториот квартал минатата година на 5,4% од кварталниот БДП во истиот квартал оваа година, а учеството на приходите од индиректни даноци во

БДП за К-2-2022 изнесува 11,5% и е пониско за 0,9 п.п. во однос на К-2-2021 кога изнесуваше 12,4%.

Кај **индиректните даноци**, приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 42,8% од вкупните даночни приходи во К-2-2022, а се повисоки за 9,2% споредено со истиот квартал претходната година. Во структурата на данокот на додадена вредност, најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата. Споредено со истиот квартал од 2021 година, приходите од акцизи се повисоки за 6,6%, а приходите од царински давачки се повисоки за 13,5%.

Во рамки на **директните даноци**, кај персоналниот данок на доход е забележано зголемување од 19,5%, а кај приходите од данокот на добивка зголемување од 73,0% во однос на истиот квартал претходната година.

Наплатата на **социјалните придонеси** е повисока за 9,5%, така што зголемување на наплатата е забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување од 9,5%, кај придонесите за здравствено осигурување од 9,4% и кај придонесите за вработување од 9,6%.

Графикон 3.1. Приходи и расходи во К2
*(% од номинален квартален БДП)*




Извор: Министерство за финансии

**Неданочните приходи**, кои претставуваат 2,0% од кварталниот БДП, во К-2-2022 беа реализирани за 28.8% повеќе во однос на истиот квартал од 2021 година.

**Капиталните приходи**, во кои спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови, како и приходи од дивиденди, во К-2-2022 беа повисоки за 108,9% на годишна основа. Приходите по основ на **донации од странство** се пониски за 50,8% во споредба со истиот квартал од 2021 година.

## 3.2. Буџетски расходи според економската класификација

**Вкупните буџетски расходи** во К-2-2022, со учество од 31,0% во кварталниот БДП, се повисоки за 2,8% споредено со истиот квартал од 2021 година.

**Тековните расходи**, кои претставуваат 29,2% од кварталниот БДП, имаат учество од 94,3% во вкупните расходи и беа реализирани за 1,2% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги забележаа намалување од 7,1%, а расходите за плати и надоместоци раст од 4,4% во однос на истиот квартал претходната година.

Средствата за трансфери, кои учествуваат со 70,1% во вкупните расходи, беа реализирани за 1,1% повеќе на годишна основа. Социјалните трансфери забележаа раст од 7,8% и учествуваа со 51,8% во вкупните расходи. Расходите за пензии, коишто сочинуваат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 12,6% и забележаа учество од 31,9% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат и трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 17,6% и забележа намалување од 13,9% во однос на вториот квартал од 2021 година. Блок и наменските дотации кон единиците за локална самоуправа забележаа зголемување од 3,8%, додека субвенциите и трансферите се намалија за 26,7% споредено со К-2-2021.

Расходите за каматни плаќања се зголемени за 9,2% на годишна основа, така што расходите по камати на домашен долг забележаа зголемување од 42,2%, а намалување од 0,6% забележаа каматните расходи по надворешен долг.

**Капиталните расходи**, кои претставуваат 1,8% од кварталниот БДП, се реализирани за 40,1% повеќе споредено со истиот квартал од 2021 година и оствариja учество од 5,7% во вкупните расходи.

## 3.3. Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 82% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Во периодот К-2-2022 година, преку разделот **Министерство за финансии – функции на држава**[2] реализирани се 7.174 милиони денари што претставува 23,3% од предвидените за 2022 година. Отплата на главнина (3.137 милиони денари) е главна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 43,7%, а потоа следуваат каматни плаќања со учество од 36,7% и исплата од 2.636 милиони денари.

**Министерството за труд и социјална политика** во К-2-2022 година реализираше 12.956 милиони денари или 23,9% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (67,4%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 8.733 милиони денари или 25,0% од средствата наменети за 2022 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, која

[2] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

учествува со 24,3% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 23,8% (3.147 милиони денари) од планираните за 2022 година.

**Министерството за образование и наука** во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 7.048 милиони денари, што е 23,9% од вкупниот буџет за 2022 година. Најголем дел од расходите (59,9%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 4.224 милиони денари или 24,5% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 16,5%, за што се потрошени 1.164 милиони денари, односно 23,5% од вкупно предвидените.

Графикон 3.2. Структура на расходи по буџетски корисници во К-2-2022 *(во %)*




Извор: Министерство за финансии

**Министерството за одбрана** во периодот К-2-2022 година реализираше буџетски средства во износ од 2.112 милиони денари, што е 16,0% од вкупниот буџет за оваа година. Расходите за плати и надоместоци имаат најголемо учество со 49,3% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 1.042 милиона денари, односно 23,9% од вкупно предвидените. Стоки и услуги е втора најзначајна ставка во структурата на вкупните расходи со учество од 3,1% и исплата од 657 милиони денари, што е 18,4% од планираните средства за тековната година. По нив следат Тековни трансфери до вонбуџетските фондови кои во структурата на вкупните расходи учествуваат со 6,1% и за таа намена реализирани се 129 милиони денари, што е 25,1% од планираните средства за тековната година.

Во периодот К-2-2022 година, **Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР)** реализираше средства во износ од 2.782 милиона денари што претставува 30,3% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 89,4% во вкупните расходи, реализирани се 31,4% од планираните средства, односно 2.487 милиони денари.

Во анализираниот период, од страна на **Министерството за внатрешни работи** вкупно се реализирани 3.015 милиони денари, што претставува 25,5% од сопствениот буџет за 2022 година. Најзначајна расходна ставка претставува плати и надоместоци со учество од 65,0%, за што се потрошени 1.960 милиони денари или 23,9% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 23,2%, за што се реализирани 700 милиони денари или 30,9% од годишниот план.

**Министерството за здравство** во периодот К-2-2022 година изврши буџетски средства во износ од 1.619 милиони денари, што е 23,1% од вкупниот буџет за 2022 година. Расходите за тековни трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во вкупните расходи од 54,4%, за што во овој период се потрошени 880 милиони денари или 29,3% од средствата наменети за 2022 година. За стоки и услуги се издвоени 667 милиони денари, односно 21,7% од вкупно планираните.

**Владата на Република Северна Македонија** во К-2-2022 година реализираше вкупно 254 милиони денари, односно 1,7% од планираните средства за 2022 година. Притоа, субвенциите и трансферите имаат доминантно учество од 41,8% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, за што се реализирани 106 милиони денари (0,9% од предвидените средства).

**Министерството за транспорт и врски** во овој период реализираше средства во износ од 791 милион денари, што е 9,1% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 5,4% од предвиденото за цела година (404 милиони денари).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог достапен на следната врска (*http://finance.gov.mk/mk/node/692*).

## 3.4. Буџетски дефицит и државен долг

Во вториот квартал од 2022 година, **дефицитот на консолидираниот Буџет** изнесува 3.677 милиони денари или 1,8% од БДП за овој квартал, а дефицитот на Централниот буџет изнесува 3.288 милион денари, односно 1,6% од кварталниот БДП.

Вкупниот **државен долг** на крајот на К-2-2022 изнесува 46,7% од БДП и забележа намалување на своето учество во БДП за 0,1 п.п. во однос на К-1-2022. Учеството на надворешниот долг во вкупниот државен долг во однос на К-1-2022 е намалено за 0,1 п.п. и изнесува 59,6%, а учеството на внатрешниот долг е соодветно зголемено и изнесува 40,4% од вкупниот државен долг.

Графикон 3.3. Државен долг и негова структура




Извор: Министерство за финансии

## 4. Инфлација и монетарни движења

**Стапката на инфлација**, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-2-2022 изнесува 12,3% (7,7% во претходниот квартал) на годишна основа и е зголемена за 4,6 п.п. во споредба со К-1-2022. Дополнителното забрзување на растот на потрошувачките цени во вториот квартал се должи пред сè на растот на цените на храната, но во овој квартал е регистрирано и зголемување на цените на енергенсите, како и раст на цените на нафтените деривати, согласно растот на цените на светските берзи. Цените на енергенсите во првиот квартал се зголемија како резултат на зголемувањето на цената на струјата за домаќинствата за 9,48% и укинувањето на дневната евтина тарифа, согласно одлуката на РКЕ, а со мал придонес се одрази и одлуката за зголемување на крајната цена на испорачаната топлинска енергија за 14,05% во просек.

Базичната инфлација регистрира раст од 6,7% во вториот квартал и истата ги отсликува и преносните ефекти од зголемениот раст на цените на храната и енергенсите.

Графикон 4.1. Годишна стапка на инфлација




Извор: Државен завод за статистика

Генерално, зголемувањето на домашните цени во овој квартал ги рефлектира и промените поврзани со цените на енергенсите и на примарните производи на светските берзи како и ценовните нарушувања предизвикани од пандемијата, како и воениот конфликт меѓу Русија и Украина.

Гледано по компоненти, цените на храната во К-2-2022 регистрираа раст од 17,6% (10,1% во претходниот квартал), пред сè како резултат на зголемените цени на маслото, лебот и житата, зеленчукот, месото и млекото, сирењето и јајцата.

Раст на потрошувачките цени во К-2-2022 се бележи и во следните категории: Транспорт од 25,8%, Ресторани и хотели од 10,8%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 8,6%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 8,1%, Разновидни стоки и услуги од 7,2%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 6,3%, Рекреација и култура од 5,0%, Здравствена заштита од 4,0%, Облека и обувки од 1,4% и Образование и Комуникации од по 0,3,%. Цените на мало во вториот квартал регистрираа раст од 12,3%.

Како одговор на растечката инфлација и инфлациските очекувања во вториот квартал[3] од 2022 година, Народната банка во три наврати ја зголеми

[3] Податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки се по нова методологија.

**основната каматна стапка,** при што одлуки за зголемување беа донесени во април, мај и јуни (за по 0,25 п.п., соодветно), односно од 1,25% во првиот квартал на 2,0% во јуни 2022 година. Одлуката за затегнување на монетарната политика се заснова врз оцените дека увозните ценовни притисоци се подолготрајни и посилни, што создава одредени преносни ефекти кај повеќе ценовни категории и делува врз инфлациските очекувања.

На седницата во јуни, Народната банка ја зголеми и каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена за 0,15 п.п., односно од 0,30% на 0,45%, како и каматната стапка на расположливите депозити преку ноќ за 0,25 п.п. од 0,15% на 0,40%.

**Примарните пари**[4] во К-2-2022 забележаа раст на квартална основа од 2,6% (во претходниот квартал е забележан пад од 0,3%), како резултат на растот на вкупната ликвидност на банките за 3,4% и растот на готовите пари во оптек од 1,8%. Во однос на К-2-2021, примарните пари се намалија за 4,7% (во К-1-2022 е забележан пад од 9,0%), како резултат на падот на вкупната ликвидност на банките од 7,6% и намалувањето на готовите пари во оптек од 1,4%.

Во К-2-2022, најтесната парична маса М1[5] забележа раст од 2,0 во однос на претходниот квартал. Монетарниот агрегат М2 забележа раст од 1,4%, а најширокиот монетарен агрегат М4 се зголеми за 0,3% на квартална основа.

Вкупниот **депозитен потенцијал**[6] на банките во К-2-2022 се зголеми за 0,1% на квартална основа, по падот од 3,0% во претходниот квартал. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата се намалија за 4,5%, додека депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 2,1%. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал, денарските депозити регистрираа пад од 0,4%, а девизните депозити се зголемија за 0,7%. Степенот на евроизација е зголемен за 0,3 п.п. во споредба со претходниот квартал и изнесува 45,6%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-2-2022 се намали за 0,9 п.п. споредено со претходниот квартал и изнесува 19,9% (во К-1-2022 изнесуваше 20,8%). Во анализираниот период, краткорочните депозити забележаа зголемување од 0,8%.

[4] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[5] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 го сочинуваат монетарниот агрегат М1 и краткорочните депозити, а монетарниот агрегат М4 е составен од монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити.

[6] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

**Кредитната активност** на банките во К-2-2022 забележа раст од 2,7% на квартална основа (во претходниот квартал регистрираше раст од 2,6%), во услови на раст на кредитите кон претпријатијата од 2,8% и раст на кредитите кон домаќинствата од 2,6%. Од валутен аспект, денарските кредити во К-2-2022 споредено со претходниот квартал се зголемија за 1,9%, а девизните кредити за 3,8%. Според рочноста, долгорочните кредити во К-2-2022 во однос на претходниот квартал бележат раст од 2,5%, а краткорочните кредити од 2,9%.

Графикон 4.2. Кредити и кредитен раст и М4




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

**Каматната стапка**[7] на денарските кредити во К-2-2022 изнесува 4,58% и истата е намалена за 0,02 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните кредити во К-2-2022 изнесува 3,92% и истата е намалена за 0,06 п.п. во однос на претходниот квартал.

Каматната стапка на денарските депозити во К-2-2022 изнесува 1,02% и забележа пад од 0,01 п.п. споредено со претходниот квартал, а каматната стапка на девизните депозити изнесува 0,40% и истата е намалена за 0,04 п.п. во однос на претходниот квартал.

Графикон 4.3. Каматни стапки (КС) на депозитни банки




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-2-2022 изнесува 4,30%, а на новоодобрените девизни кредити 3,40%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 1,19% и 0,52%, соодветно.

---

[7] Во девизните кредити и депозити се вклучени денарските кредити и депозити со валутна клаузула.


MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешнотрговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, вкупната надворешнотрговска размена со странство во К-2-2022 изнесува 5.295,3 милиони евра и бележи раст од 26,1% во однос на истиот квартал од 2021 година.

Графикон 5.1. Извоз и увоз на стоки
*(во милиони евра)*




Извор: Државен завод за статистика

**Извозот на стоки** во К-2-2022 изнесува 2.158,2 милиона евра и во однос на К-2-2021 бележи раст од 23,5%, додека во однос на претходниот квартал регистрира раст од 11,3%.

Анализирано **по сектори** на СМТК (Стандардна меѓународна трговска класификација), позитивни движења во извозот во К-2-2022 во однос на истиот квартал од 2021 година се забележуваат во следните сектори:

- хемиски производи за 43,7% (во чии рамки најголем раст забележа категоријата хемиски материи и производи за 196,5 милиони евра или за 46,2% );
- производи класирани по материјалот за 48,1% (железо и челик за 76,3 милиони евра или 44,0%);
- минерални горива и мазива за 210,4% (нафта и производи од нафта за 32,5 милиони евра или 194,6%; електрична енергија за 14,0 милиони евра или 293,0%);
- разни готови производи за 17,4% (облека за 25,9 милиони евра или 32,9%);
- суровини освен гориво за 26,5% (метална руда и отпадоци од метал за 22,1 милион евра или 31,1%);
- производи за храна за 25,5% (овошје и зеленчук за 10,4 милиони евра или 22,0%; жита и преработки од жита за 5,3 милиони евра или 26,0%);
- пијалаци и тутун за 12,2% (пијалаци за 8,0 милиони евра или 50,8%) и
- животински и растителни масла за 88,1% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 2,8 милиони евра или 97,1%).

Негативно придвижување кај извозот се забележува само во секторот машини и транспортни уреди за 12,8% (во чии рамки најголем пад забележа категоријата индустриски машини и делови за 158,5 милиони евра или 74,1%).

Гледано **по економска намена**, во К-2-2022 раст на извозот е забележан во следните групи производи:

- стоки за индустриски набавки за 351,9 милиони евра или 37,6%;
- транспортна опрема за 69,1 милион евра или 33,6%;
- стоки за широка потрошувачка за 49,8 милиони евра или 32,0%;
- горива и мазива за 46,8 милиони евра или 225,2% и
- храна и пијалаци од 34,6 милиони евра или 29,3%.

Намалување на извозот е забележано само во групата производи за инвестиции без транспортна опрема за 142,6 милиони евра или 46,1%.

**Увоз на стоки** во К-2-2022 изнесува 3.137,0 милиони евра и е зголемен за 27,9% во однос на К-2-2021, додека во однос на претходниот квартал бележи раст од 10,6%.

Анализирано **по сектори** на СМТК, зголемување на увозот во К-2-2022 во однос на К-2-2021 се забележува во сите сектори:

- минерални горива и мазива за 153,3% (во чии рамки најголем раст забележаа категориите: нафта и производи од нафта за 173,4 милиони евра или 133,6%; електрична енергија за 84,7 милиони евра или 168,3%; гас, природен и индустриски за 45,9 милиони евра или 244,1%);
- производи класирани по материјалот за 19,4% (железо и челик за 68,9 милиони евра или 53,2%; предиво и текстилни производи за 31,5 милиони евра или 30,3%; обоени метали за 21,7 милиони евра или 5,4%;);
- машини и транспортни уреди за 10,6% (електрични машини, апарати и делови за 64,0 милиони евра или 30,1%; индустриски машини и делови за 9,8 милиони евра или 15,1%);
- хемиски производи за 7,8% (пластични материи во примарни форми за 19,4 милиони евра или за 53,9%; пластични материи во останати форми за 7,2 милиона евра или за 21,9% );
- животински и растителни масла за 107,3% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 15,6 милиони евра или 115,5%);
- производи за храна за 22,6% (жита и преработки од жита за 10,6 милиони евра или 50,9%; месо и преработки од месо за 10,4 милиони евра или 28,5%);
- суровини освен гориво за 21,5% (метална руда и отпадоци од метал за 10,0 милиони евра или 22,9%);
- разни готови производи за 19,3% (облека за 8,5 милиони евра или 33,7%; мебел и негови делови, постелнина, душеци, перници и слични полнети производи за 4,6 милиони евра или 17,8%; обувки за 3,7 милиони евра или 54,8%) и
- пијалаци и тутун за 40,8% (пијалаци за 7,1 милион евра или 48,7%);

Гледано **по економска намена**, во К-2-2022 раст на увозот е забележан во следните групи производи:

- горива и мазива за 307,7 милиони евра или 155,2%;
- стоки за индустриски набавки за 237,8 милиони евра или 17,5%;

- производи за инвестиции без транспортна опрема за 64,6 милиони евра или 19,4%;
- храна и пијалаци за 59,2 милиона евра или 29,6% и
- стоки за широка потрошувачка за 24,1 милион евра или 11,0%.

Намалување на увозот е забележано само во групата транспортна опрема за 10,8 милиони евра или 7,7%.

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-2-2022




Извор: Пресметки на Министерството за финансии врз база на податоци од ДЗС

Надворешнотрговската размена на Европската Унија (ЕУ 27[8]) во К-2-2022 е зголемена за 26,3% во однос на К-2-2021, со што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешнотрговска размена изнесува 59,4% и е зголемено за 0,1 п.п. споредено со вториот квартал од 2021 година. Притоа, во К-2-2022 извозот на стоки учествува со 78,6%, а увозот на стоки со 46,3%.

[8]Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народна банка на Република Северна Македонија, во К-2-2022 на **тековната сметка** на билансот на плаќања е регистриран дефицит од 235,2 милиона евра, што претставува 8,4% од кварталниот БДП, наспроти дефицитот од 4,9% од БДП забележан во истиот квартал од 2021 година.

Графикон 5. 3. Салдо на тековна сметка
*(во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Анализирано на годишна основа, дефицитот на тековната сметка во К-2-2022 е зголемен за 119,9 милиони евра, односно 104,0%, што се должи на зголемувањето на дефицитот на сметката на стоки за 59,0%. Спротивно влијание имаше зголемувањето на суфицитот на сметката на секундарен доход за 37,6% и на сметката на услуги за 24,1%, како и намалувањето на дефицитот на сметката на примарен доход за 5,1%.

Во К-2-2022, **трговскиот дефицит** на годишно ниво е зголемен за 333,3 милиони евра, додека во процент од кварталниот БДП е зголемен за 7,8 п.п. на годишна основа, односно изнесува 32,0%.

Суфицитот на **сметката на услуги** во К-2-2022 изнесува 161,6 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2021 година е зголемен за 31,4 милиони евра. **Трговската отвореност** на Република Северна Македонија во К-2-2022 изнесува 198,8% од кварталниот БДП и во однос на К-2-2021 е зголемена за 17,1 п.п..

Сметката на **примарен доход** во К-2-2022 забележа дефицит од 136,7 милиони евра и истиот е намален за 7,4 милиони евра на годишно ниво.

Графикон 5. 4. Тековна сметка на платниот биланс *(салдо, во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Суфицитот на сметката на **секундарен доход** во К-2-2022 изнесува 638,2 милиона евра и на годишно ниво е зголемен за 174,5 милиони евра. Растот се должи на зголемувањето на тековните трансфери за 175,7 милиони евра, кои во сметката на секундарниот доход учествуваат со 96,8%, додека официјалните трансфери се намалени за 1,1 милион евра, а во сметката на секундарниот доход учествуваат со 3,2%.

Дефицитот на **капиталната сметка** во К-2-2022 изнесува 0,5 милиони евра наспроти суфицитот од 2,5 милиони евра остварен во К-2-2021. Влошувањето на салдото на капиталната сметка главно е резултат на одливот на капитални трансфери.

**Странските директни инвестиции** (СДИ) во земјата во К-2-2022 изнесуваат 156,3 милиони евра и во однос на К-2-2021 се намалени за 57,5 милиони евра. Приливот на СДИ во овој период пред сѐ потекнува од реинвестирањето на добивката на компаниите со странски капитал (по кој основ е остварен 42,3% од вкупниот прилив на СДИ) и сопственичкиот капитал на компаниите (41,0% од вкупниот прилив на СДИ), а останатиот дел (16,7%) се однесува на должнички инструменти.

Графикон 5. 5. СДИ во земјата




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија и пресметки на МФ

**Портфолио инвестициите** во К-2-2022 изнесуваат 69,1 милион евра и во однос на истиот квартал минатата година се зголемени за 60,5 милиони евра.

**Останатите инвестиции** во К-2-2022 изнесуваат 0,7 милиони евра и во однос на истиот квартал минатата година се намалени за 19,8 милиони евра. Во рамки на категоријата останати инвестиции, сметката на валути и депозити изнесува 119,1 милион евра, додека сметките на заеми и трговски кредити и аванси бележат негативно салдо од 35,0 милиони евра и 79,7 милиони евра, соодветно.

**Девизните резерви** на крајот на вториот квартал од 2022 година изнесуваат 3,1 милијарда евра и во однос на К-2-2021 се намалени за 22,7%. Девизните резерви на крајот на К-2-2022 обезбедуваат 3,4-месечна покриеност на увозот на стоки и услуги од претходниот 12-месечен период.